Архивски број: 08-388/5
22-10-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-388/1 од 25.04.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основ на политичко уверување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА дискриминација, односно вознемирување врз основ на политичко уверување од страна на [redacted] од Скопје врз [redacted] во областа на работата и работните односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 25.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted], Скопје поднесена е претставка за заштита од дискриминација бр. 08-388/1.

Подносителката наведува дека е вработена во Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и дека подолг период се соочува со понижување од [redacted] шефот на кабинетот на министерот, кој ја принудува на неприфатливи работни задачи кои не се во описот на нејзиното работно место. Во однос на тоа, таа посочува неколку инциденти. Имено, таа поднела жалба кај министерот за однесувањето на шефот на кабинет во врска со притисокот, мобингот и дискриминацијата кои тој и ги врши. Тврди дека по нејзиното излегување од кабинетот на министерот, шефот на кабинетот повторно ја повикал кај него и започнал да ја напаѓа вербално со понижувачки зборови и многу висок тон, притоа спомнувајќи и како што наведува „Азир веќе не е тука (Азир Алиу, претходен министер на МИОА)". Откако таа повторно влегла во кабинетот на министерот, шефот на кабинетот влегол по неа и започнал да и вика со повисок тон и вербално да ја напаѓа, пред, според неа да се обиде и физички да ја нападне. Оттука, таа наведува во претставката со следните зборови „Оваа ситуација ме натера да реагирам со плач и да се осигурам од можен физички напад, излегов од просторијата и силно ја треснав вратата. Штом излегов, веднаш ме пријавиле кај полицајците на влезна врата од зградата за напад на министерот. Сакам да наведам дека пријавата е лажна, бидејќи јас не отидов со намера


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

да нападнам никого. Јас бев вербално нападната и ако не излезев од просторијата ќе бев нападната и физички. Сакам да напоменам дека сите овие настани се случуваат по основ на политичка дискриминација, единствената причина е дека бев дел од кабинетот на претходниот министер исто така сметам и дека овие напади се дел од систематски мобинг од страна на шефот на кабинетот на актуелниот министер.". Понатаму, таа го истакнува следното „Сакам да бидам јасна дека, како професионалец на работното место, не носам никакви политички ставови и не сум член на ниту една политичка партија. Во мојата улога, се фокусирам исклучително на професионалните аспекти на работата и не се вклучувам во политички активности. Оваа ситуација во мојата работна околина не само што го нарушува моето право на безбедно работно место, туку и влијае на мојата психичка состојба и работна продуктивност.".

На 07.05.2024 година, подносителката ја дополни претставката со дополнителна изјава и копија од Извештај бр. 13458 од 30.04.2024 година, од ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија – Скопје. Во изјавата подносителката појаснува дека е вработена во Министерство за информатичко општество и администрација, во Сектор за ЕУ интеграција и меѓународна соработка, во одделение за ИПА, како помлад соработник за следење и известување на ИПА проекти. Нејзините работни задачи и обврски се утврдени во правилникот за систематизација на МИОА од 2021, а истите ги добива од раководителот на одделението, односно од непосредно претпоставениот, односно од државниот секретар, и за истите одговара пред нив. Таа истакнува дека веднаш по назначувањето на нов министер во МИОА, односно на 13.02.2024 година, се направило примопредавање, по што веќе наредниот ден, од 14.02.2024 започнале притисоците врз неа од страна на шефот на кабинет, [redacted] Наведува со следните зборови „Со дрзок тон и наредувајќи ми го побара дипломатскиот пасош на претходниот министер, Азир Алиу, на што му укажав дека тој е личен документ и дека не е во мене, но продолжи да ми го бара дипломатскиот пасош во повеќе наврати, на што повторно од моја страна му беше даден истиот одговор и објаснување. Незадоволен од истото почна да ми врши притисок да му пратам слика од дипломатскиот пасош на министерот на што објаснив дека слика имам, но дека не смеам да ја споделувам сликата со никого заради тоа што тој документ е личен документ и содржи лични податоци, на што ми одговори „ајде бе не никој и ништо си моментално Азир не е тука веќе, заборави ги тие времиња, прати ми ја сликата". На шефот на кабинет [redacted] тогаш му реков дека не можам да ја пратам сликата и дека единствено можам да го кажам бројот на пасош, но дека претходно и за тоа морам да се консултирам со МНР дали тоа е неопходно, дали е неопходно да се даде бројот на пасош на претходниот министер за да се поднесе барање за дипломатски пасош на новиот министер, Наим Бајрами, на што од МНР ми потврдија дека не мора да се напише бројот на дипломатскиот пасош на претходниот министер за да се издаде дипломатски пасош на новиот министер. Меѓутоа притисоците не прекинаа, по што морав да го кажам бројот на пасош.". Понатаму, таа наведува дека Во МИОА била од 05.12.2022 година и дека соработувала со сите колеги непречено во нивниот броен колектив, пред сè со колегите од нејзината организациска единица. Според неа, тоа не

било случај и со шефот на кабинет, господинот [redacted] Истакнува дека тој од првиот ден влегувал во нејзината канцеларија без да тропне, а секој разговор со неа бил омаловажувачки и со дрзок и наредувачки тон. Задачите кои што и ги давал не биле во описот на нејзината работа, односно тие воопшто не биле во опис на ниту еден административен службеник во државата. Го истакнува и следното „Влегува во канцеларија, и со дрзок тон кажува дека од денес ќе бидам асистентка на [redacted] (вработена во МИОА, со звање советник) и дека веќе Азир не е тука, нареден ден повторно влегува во канцеларија и ја кажува следната реченица „[redacted]е надвор на состанок стани, јави и се одма прашај ја каде е и оди да ја асистираш, помина времето на Азир". Нагласувам дека во државна администрација нема позиција асистент. По секоја комуникација со шефот на кабинетот јас се чувствувам понижено, под притисок, не ми е јасно каде и во што евентуално сум погрешила, и тоа, нагласувам, не поради изложеност со обврските на работното место (комплексни работни задачи, временски рокови или слично). За мојата ефикасност, исполнителност, навременост, кооперативност отвореност за тимска работа може да се консултираат сите колеги кои се во мојот работен делокруг. Во конктретниот случај со шефот на кабинет, не добивам никакви појаснувања, насоки и/или конструктивни критики како работник ни административен службеник - добивам единствено јасно демонстрирање на сила и чувствувам силен анимозитет секој пат кога за било што ќе искомуницираме, без исклучок.". Следствено, таа поднела жалба кај министерот за однесувањето на шефот на кабинет за притисокот и мобингот кој и го вршел. Во дополнувањето уште еднаш ја наведува случката во кабинетот на министерот и пријавувањето на случката на припадниците на МВР кои го обезбедувале објектот, притоа истакнувајќи дека не отишла со намера да нападне некого, туку дека таа била вербално нападната и дека ако не излегла од просторијата ќе била и физички нападната.

На 09.07.2024 година, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, [redacted] достави до Комисијата Изјаснување-одговор бр. 08-388/4, на наводите во претставката. Во одговорот тој тврди дека наводите во претставката се целосно невистинити и истите имаат за цел повреда на честа и угледот на министерот и неговиот кабинет. Тој истакнува дека позицијата шеф на кабинет ја извршува од 23.02.2024 до 25.06.2024 година, па согласно краткото времетраењето на вработувањето на ниеден начин не бил во можност да изврши дејствие на вознемирување на работното место - мобинг кон подносителот на претставката, односно повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа на подносителката. Дополнително, наведува дека во текот на целиот период од четири месеци како шеф на кабинет, на вработената [redacted] никогаш не и биле доделувани дополнителни работни задачи, по ниеден основ, притоа истакнувајќи дека вработената [redacted] во канцеларија на третиот кат, додека неговата канцеларија е на приземје. Тој наведува дека во претставката поднесена од вработената [redacted] се опишува непријатен настан што се случил на 18.04.2024 година и дека описот на настанот од нејзина страна е спротивен на фактичката ситуација со единствена цел да се прикрие нејзиното непристојно однесување, спротивно на Етичкиот кодекс на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

вработените во јавниот сектор и начелата на личен интегритет, професионалност и пристојно однесување на работното место. Според него, вработената Велиу без претходна најава влегла во просториите на кабинетот на министерот, во канцеларијата на министерот, каде што известила дека шефот на кабинет се интересирал за нејзините и за на колешката [redacted] тековни работни активности кај колегата [redacted] Во однос на тоа тој истакнува дека поради неговото интересирање како шеф на кабинет за тековните активности поврзани со ИПА проектите, вработената [redacted] без никаква причина одбила да даде информации за нејзиниот ангажман во рамките на одделението каде што е распоредена, а за чија работа е директно одговорен државниот секретар, поради тоа што не постои пополнето раководно работно место во одделението каде што е распоредена. Тој истакнува дека кога вработената [redacted] излегувала од канцеларијата на министерот тој и се јавил на телефон и побарал од неа да дојде во неговата канцеларија и да објасни зошто таа влегувала кај министерот, по што таа дошла и одговорила „кој си ти да прашуваш што работам јас.". На тоа тој и возвратил со зборовите „ја сум шеф на кабинет и моето работа е да ги следам сите вработени за да можам да ги координирам работите на во министерството", притоа кажувајќи и веќе никогаш повеќе да не влегува во просториите на кабинетот без најава од негова страна. Тој наведува дека веднаш по таквата комуникација, подносителката повторно влегла во канцеларијата на министерот без одобрение и најава, на што тој по насоки од министерот побарал од неа да ја напушти просторијата, додека подносителката на дрзок и непристоен начин со силен тресок на вратата ја напуштила просторијата. Се наведува дека во кабинетот за време на случката биле присутни уште две лица кои дале изјава за целата ситуација, а согласно приложеното кон одговорот за ваквиот настан била дадена иницијатива за покренување на дисциплинска постапка за дисциплинска неуредност. Следствено на наведеното, тој наведува дека на подносителката и на вработената [redacted], кои биле ангажирани во кабинетот на претходниот министер им било понудено да продолжат да работат во кабинетот и по доаѓањето на функција на новиот министер, исто како и на сите други вработени ангажирани во кабинетот на претходниот министер, меѓутоа тие две одбиле, а таквиот избор бил испочитуван од негова страна. Во тој контекст, тој истакнува дека ниту од вработената [redacted] ниту од другите вработени во министерството не било побарано да извршуваат дополнителни работни задачи, надвор од тоа што е предвидено во описот на нивните работните задачи, а доказ за тоа е дека во периодот на новиот министер не биле платени дополнителни часови за ниту еден вработен во министерството.

Кон одговорот во прилог во копии доставени се: Договор за вработување на определено време за [redacted] бр. 04-1204/1 од 23.02.2024 година; Иницијатива за покренување на дисциплинска постапка - дисциплинска неуредност бр. 04-1623/1 од 19.04.2024 година; Изјава од [redacted] заведена под бр. 04-1623/3 од 19.04.2024 година и Изјава од [redacted] заведена под бр. 04-1623/2 од 19.04.2024 година.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 10 од истиот закон, вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Според член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Имајќи ја во предвид утврдената фактичка состојба, Комисијата не најде дека врз подносителката е сторена дискриминација или вознемирување врз основ на политичко уверување од страна на [redacted] шеф на кабинет на министер за информатичко општество и администрација.

Во утврдувањето на фактичката состојба, Комисијата подеднакво ги ценеше тврдењата и изнесените факти и околности од двете страни, без притоа да смета дека товарот на докажување се префрла на страната на потенцијалниот дискриминатор. Ова од причина што, Комисијата испитувајќи ги наводите во претставката, не ги најде за веројатни тврдењата на подносителката за сторена дискриминација, односно вознемирување кон неа врз основ на политичко уверување во смисла на членовите 6 и 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во рамки на утврдувањето на фактичката состојба со процесно преземените дејствија, Комисијата утврди дека подносителката во ниту еден момент не го направила веројатно тврдењето за сторена дискриминација, со тоа што изнесените тврдења за несоодветното однесување спрема неа од страна на шефот на кабинетот [redacted] не се дополнително поткрепени со податоци или документи, на пр. во вид на изјави од лица или евидентиран настан со опис на дејствија, писмени налози и комуникација, пријави и слично, а кои би ги направиле веројатни истакнатите тврдења. Единствени понудени факти се изјавите, односно тврдењата на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

подносителката од една страна, и тврдењата, односно изјавата на лицето против кого е поднесена претставката, од друга страна. Следствено на тоа и Комисијата не утврди постоење на дополнителни факти од кои првично јасно би се увиделе индиции за можна сторена дискриминација или вознемирување, како и факти според кои објективно би се утврдило дека се сторени такви противправни дејствија. Комплементарно на тоа, од страна на лицето против кое е поднесена претставката доставени се изјави и од други лица во поткрепа на неговите тврдења, кои како неоспорени, за Комисијата претставуваат релевантни факти. Дотолку што, подносителката во ниту еден момент не ја поткрепи или во крајна линија докажа поврзаноста на наведениот дискриминаторски основ, политичко уверување, со наведените опишани настани, односно извршени дејствија спрема неа. Оттука, Комисијата не најде релевантни факти од кои би се утврдило дека определен однос од страна на друг вработен спрема подносителката бил несомнено врска со нејзиното или на друг вработен политичкото уверување.

Согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*
*1.* [redacted]
*2.* [redacted]
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk